# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**3316.**

Врз основа на член 13 став (5) од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема ("Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ КОИ ПУШТААТ НА ПАЗАР ИЛИ УВЕЗУВААТ КАКО КРАЈНИ КОРИСНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРОТ НА ПРОЗВОДИТЕЛИ КОИ ПУШТААТ НА ПАЗАР ИЛИ УВЕЗУВААТ КАКО КРАЈНИ КОРИСНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА, НАЧИНОТ НА НЕГОВОТО ВОДЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за регистрација на производителите кои пуштаат на пазар или увезуваат како крајни корисници во Република Македонија електрична и електронска опрема, формата и содржината на регистарот на прозводители кои пуштаат на пазар или увезуваат како крајни корисници во Република Македонија електрична и електронска опрема, начинот на неговото водење и одржување, како и формата и содржината на потврдата за упис во регистарот.

Член 2

Производителите кои за прв пат пуштаат на пазар или увезуваат како крајни корисници во Република Македонија електрична и електронска опрема (во понатамошниот текст: производител), поднесуваат барање за регистрација на образец до Управа за животна средина во електронска и/или пишана форма.

Образецот на барањето за регистрација се печати на бела хартија во А4 формат.

Формата и содржината на образецот на барањето за регистрација се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Производителот се регистрира во Регистарот на прозводители кои пуштаат на пазар или увезуваат како крајни корисници во Република Македонија електрична и електронска опрема (во понатамошниот текст: Регистер на производители) со денот на поднесувањето на барањето за регистрација под редниот број кој се воспоставува според редоследот на доставените барања.

Во Регистарот на производители се внесува регистарскиот број кој е комбиниран број од датум на упис и редниот број од уписот .

Доколку производителот е регистриран во Регистерот на производителите кои пуштаат на пазар или увезуваат во Република Македонија батерии и акумулатори тогаш во Регистерот на производители  се внесува и воспоставениот регистерскиот број од Регистерот на производителите кои пуштаат на пазар или увезуваат во Република Македонија батерии и аклумулатори.

Во случај на промена на податоците доставени при регистрацијата кои се внесени во Регистарот на производители се поднесува барање за промена .

Секоја промена на податоците се запишува во Регистарот на производители со денот на поднесеното барање за промена на податоците за регистрација.

Регистерот на производители се води во електронска форма.

Формата и содржината на Регистерот на производители  е дадена во Прилог 2  кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Врз основа на извршениот упис во Регистарот на производители се издава потврда за упис во Регистерот на производители.

Формата и содржината на потврдата од став 1 на овој член е дадена во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2013 година.

Бр. 07-7086/3
10 август 2012 година
Скопје

Министер за животна средина и просторно планирање,
**Абдилаќим Адеми,** с.р.